## СТЕ ЗНАЕЛЕ ЛИ ДЕКА:

Рисот е ноќно животно и лови навечер. Преку ден спие и во шумата се крие.

Возрасен рис тежи од 20 до 25 килограми и е висок колку едно куче или околу 60 см.

Има многу остар вид и слух, може да види или слушне мало глувче на оддалеченост од 65 метри.

Во шумата рисот може да живее од 10 до 15 години.

Рисот живее сам, освен во сезоната на парење и кога мајката ги израстува младите.

Рисот е срамежлив и секогаш се труди да се сокрие од луѓето.

Мајките најчесто раѓаат 2 до 3 мали рисчиња.

Неговиот природен дом се шумите, ако ги исечеме тој ќе нема каде да живее.

Рисот е месојадно животно.

## РИС

ТАА ДИВА МАЧКА
ПО ШУМИТЕ СЕ КРИЕ,
ЗА ДА НЕ ЈА УБИЕ НЕКОЈ
И ДА МОЖЕ МИРНО ДА СПИЕ.

НЕЈЗИНОТО ЗЛАТНО КРЗНО
СЕКОЈ БИ САКАЛ ДА ГО ИМА,
ЗАТОА НЕЈЗИНИОТ ЛОВ Е ЗАБРАНЕТ
И ВО ЛЕТО И ВО ЗИМА

Теофил Шекуткоски
ОУ "Страшо Пинџур"
Вевчани

БАЛКАНСКИОТ РИС Е СИМБОЛ НА ДИВИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ЗАТОА ЌЕ ГО ВИДИТЕ НА ПЕТДЕНАРКАТА И НА ПОШТЕНСКА МАРКА.







# РИС

## ТАИНСТВЕНАТА МАЧКА ОД НАШИТЕ ШУМИ

### ПРОГРАМА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИОТ РИС



ПОДДРЖАНО ОД:
KORA
euronatur
MAVA



Природната храна на рисот се зајците, срните и дивите кози. Ако луѓето премногу ги ловат овие животни, возрасните и малите рисчиња ќе останат гладни.



Имам жолто-кафеаво крзно со црни дамки за да се сокријам во шумата.

Имам долги перчиња на ушите, за да го слушнам и најтивкиот шум.

Имам карактеристична кратка опашка со црно врвче.



Моите долги нозе и големи шепи ми служат за полесно да се движам во длабок снег.

Дебелото и густо крзно ме штити од студот и снегот.

Рисот е насликан од Мирјам Бентеп

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |